РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 01-1375/14
12.09.2023 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# ПРАВИЛА ЗА ПРИСТАП ДО СЕРВЕР САЛА

Септември, 2023 година

[1] 01-1375/14 [2023]

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 154/19), член 45 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 24/19), а согласно Политиката за создавање систем за заштита на личните податоци и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.122/20), Директорот на Бирото за јавни набавки ја донесе следната:

## ПРАВИЛА ЗА ПРИСТАП ДО СЕРВЕР САЛА

Овие Правила имаат за цел да го дефинираат начинот на пристап до сервер салата која ја користи Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: Бирото), како и начинот на евиденција на реализираните пристапи до неа.

1. **Сервер сала**

Сервер салата која ја користи Бирото е во сопственост на Министерството за финансии и е сместена во посебно наменета просторија во Министерството, со адреса: ул „Даме Груев" бр. 12, 1000 Скопје (кат 1, канцеларија 11). По исклучок серверите на кои се инсталирани софтверски програми за обработка на личните податоци, можат да бидат физички лоцирани, хостирани и администрирани надвор од просториите на контролорот.

Меѓусебните права и обврски на Бирото и физичкото односно правното лице каде се физички лоцирани, хостирани и администрирани серверите, се уредуваат со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи мерки на безбедност на личните податоци согласно техничките и организациски мерки за заштита на лични податоци.

2. **Пристап до сервер салата**

Пристапот им е овозможен само на следните лица:

- Овластено лице од Бирото или друго правно и физичко лице ангажирано од страна на Бирото исклучиво по претходна најава и со присуство на вработено лице од Министерството за финансии
- на вработените/ангажираните лица во Бирото кои немаат овластување за пристап до сервер салата им се забранува пристап до сервер салата;
- надворешни лица имаат пристап само со дозвола и присуство на овластено лице во три случаи:

1. при сервисирање на серверска опрема што се наоѓа во сервер салата (сервери, Storage, UPS, и друга мрежна опрема), кои ги користи Бирото
2. при инсталација на нова серверска опрема, стандардно одржување на серверска опрема за потребите на Бирото.
3. како и пристап на овластени лица при вршење инспекциски надзор во Бирото.

3. **Евиденција на пристап**

Евиденцијата на пристап во сервер салата се води во хартиена форма, согласно процедурите за пристап до сервер салата на Министерството за финансии со оглед дека Бирото ја користи сервер салата во сопственост на Министерството.

4. **Одговорност**

Непостапувањето/непридржувањето на вработените/ангажираните лица во Бирото во согласност со овие Правила преставува основ за изрекување мерки на дисциплинска одговорност.

5. **Објава**

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување и истите се објавуваат на веб страницата на Бирото.

**БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
Директор
Борче Хаџиев